Врз основа на член 33 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ("Службен Весник на РМ " бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11 и 192/15), член 36 став 1 точка 7 од Законот за Локална самоуправа ("Службен весник на РМ " бр. 5/2002), советот на општиа Конче на 8-та (осмата) седница одржана на ден 19.03.2018 година донесе:

**ПРЕДЛОГ**

ЗАВРШНА СМЕТКА
на Буџетот на општина Конче
за 2017 година

Член 1

Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи во 2017 година изнесуваат:

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| I. Вкупни приходи | 119.367.000 | 51.118.569 |
| Даночни приходи | 8.079.000 | 3.240.626 |
| Неданочни приходи | 4.052.000 | 359.381 |
| Капитални приходи | 8.212.000 | 1.181.394 |
| Приходи од дотации | 27.000.000 | 24.430.000 |
| Приходи од трансфери | 45.360.000 | 15.782.336 |
| Приходи од донации | 26.664.000 | 6.124.832 |
| II. Вкупни расходи | 119.367.000 | 49.390.308 |
| Од утврдени намени | 119.367.000 | 49.360.308 |
| Тековни резерви | 100.000 | 30.000 |
| III. Дефицит | 0 | 1.728.261 |
| IV. Финансирање | 0 | 0 |
| Прилив | 0 | 0 |
| - Домашно задолжување | 0 | 0 |
| - Странски заем | 0 | 0 |
| Депозит | 0 | 0 |
| Одлив | | |
| - Отплата на главнина | 0 | 0 |

Член 2

Салдото на сите сметки на Буџетот на општина Конче на 31.12. 2017 година претставува разлика од пренесениот вишок на приходи од предходната година и дефицит од тековната

| Салдо на 31.12.2017 год. | 3.948.791 ден. |
|---|---|
| Основен Буџет | 1.324.530 ден. |
| Буџет на дотации | 2.452.844 ден. |
| Буџет на самофинансирачки активности | 16.030 ден. |
| Буџет на донации | 155.387 ден. |

Салдото на сметката на основниот Буџет во износ од 1.324.530 денари, се пренесува како прилив на основниот Буџет на општина Конче за 2018 година.

Салдото на сметката на Буџетот на дотации во износ од 2.452.844 денари, се пренесува како прилив на основниот Буџет на дотации на општина Конче за 2018 година.

Салдото на сметката самофинансирачки активности во износ од 16.030 денари, се пренесува како прилив на Буџет на самофинансирачки активности на општина Конче за 2018 година.

Салдото на сметката Буџет на донации во износ од 155.387 денари, се пренесува како прилив Буџет на донации на општина Конче за 2018 година.

Член 3

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени, се искажани во билансите на приходи и расходи.

Член 4

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Конче за 2017 година се искажани планираните и извршените расходи по потпрограми, сметки и основни намени.

Член 5

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Конче за 2017 година ќе се објави во "Службен гласник на општина Конче"

Број 08-465/6
Дата 19.03.2018
Конче

СОВЕТ НА ОПШТИНА КОНЧЕ
Председател
Ивана Илова